Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 56 став (9) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука донесе

# Правилник
## за начинот на обезбедување на средства за меѓународна програма за основно образование ( ИБ програма)

### Член 1

Со овој акт се утврдува начинот на обезбедување на средства за меѓународна програма за основно образование ( ИБ програма)

### Член 2

Средствата за реализација на меѓународна програма за основно образование (ИБ програма) за основното училиште во кое се реализира меѓународната програма, се одобруваат од сметка на Министерството за образование и наука, од Програма 2-Основно образование, Потпрограма 22-Меѓународно основно образование, по претходно доставено барање од основното училиште и соодветна документација.

### Член 3

Средствата од член 2 на овој Правилник се одобруваат за следниве намени:

- годишни членарини (согласно документ од International Baccalaureate Organisation, Geneve, Switzeland);
- обуки за реализација на меѓународната програма (согласно документ од International Baccalaureate Organisation, Geneve, Switzeland);
- патни трошоци и хотелско сместување поврзани со обуки и меѓународна соработка;
- користење на курирски услуги и ДХЛ сервис;
- проверка на кандидати;
- учебници, друга стручна литература и публикации за библиотеката на основното училиште;
- канцелариски материјали;
- наставно образовни помагала;
- трошоци за работа во хемиска лабораторија;
- наставна опрема за воспитно- образовниот процес;
- поправки и тековно одржување (на наставна опрема и софтвер);
- банкарска провизија и разлика во курс при купување на странска валута;

- услуги за превод;
- образовен софтвер.

**Член 4**

Министерството за образование и наука, средствата од членовите 2 и 3 на овој правилник ги префрла на сметка на училиштето во кое се реализира меѓународната програма за основно образование.

**Член 5**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Упатството за начинот на обезбедување на средства за реализација на меѓународната програма за основно образование бр.11-2030/1 од 23.04.2013 година и бр.11-2030/2 од 17.06.2013 година.

**Член 6**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р**

Бр. 12-12556/1
25.09.2025 г.
Скопје